МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН
за изменување и дополнување на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2014 година.

Скопје, ноември 2014 година

Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2014 година, усвоен на Сто седумдесет и деветтата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 08 јануари 2014 година се дополнува со Мерката 5.3В Обука од областа на обезбедувањето и Мерката 5.3Г Обука од областа на туризмот, како дел од Програмата за подготовка за вработување преку обука и тоа:

| 5.3В. Обука од областа на обезбедувањето |
|---|

| | |
|---|---|
| Цел | Мерката има за цел зголемување на вработливоста на евидентираните невработените лица преку стекнување на лиценци согласно побарувањата во обезбедувањето на физичките лица и искажаните потреби за работна сила |
| Краток опис | Обуката ќе се реализира согласно со Законот за приватно обезбедување и лицата кои ќе положат испитот ќе се стекнат со лиценца за физичко оспособување |
| Опфат на корисници | 20 невработени лица со статус на деца без родител или приматели на социјална парична помош |
| Потребни средства | 420.000,00 денари |
| Извори на средства | Буџет на Комората на Република Македонија за приватно обезбедување |
| Надлежни институции за имплементација | Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, МТСП и АВРМ. |

***Услови и критериуми***

Обуките ќе се реализираат согласно со Законот за приватно обезбедување согласно со кој лицето треба да:

-е државјанин на Република Македонија;

-има живеалиште во Република Македонија;

-има навршено 18 години;

-поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение кое не смее да биде постаро од три месеци;

-не е осудено со правосилна судска пресуда или против него не се води кривична постапка за кривично дело за кое се гони по службена должност;

-има завршено најмалку средно образование;

Стручните испити за физичко и за техничко обезбедување ќе се спроведуваат во два дела, и тоа:
-теоретски (прв) дел со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
-практичен (втор) дел со кој се проверуваат практичните способности на кандидатите

Оспособувањето на кандидатите за физичко обезбедување се спроведува во траење од 50 часови. По завршување на оспособувањето, Комората му издава на кандидатот потврда за оспособеност за физичко обезбедување.

## 5.3Г. Обука од областа на туризмот

| | |
|---|---|
| Цел | Мерката има за цел зголемување на вработливоста на евидентираните невработените лица преку стекнување на сертификати согласно побарувањата во туризмот и искажаните потреби за работна сила |
| Краток опис | Обуката ќе се реализира согласно со наставната програма на Факултетот за туризам која опфаќа осум одделни предмети. За време на обуката лицата ќе имаат практична настава и практичен испит. По завршување на практичниот испит лицата ќе добијат сертификат. |
| Опфат на корисници | 15 невработени лица |
| Потребни средства | 465.000,00 денари |
| Извори на средства | Буџетот на Факултетот за туризам во Скопје |
| Надлежни институции за имплементација | Факултетот за туризам во Скопје, МТСП и АВРМ. |

***Услови и критериуми***

Наставната програма што наставно-научниот совет на Факултетот за туризам во Скопје ја усвои, опфаќа осум одделни предмети, што по својата содржина се неопходни за квалитетна и добро осмислена настава и обука на кандидати кои ќе работат во туристичките организации, туристички сојузи, туристички асоцијации, туристичко информативни центри, дипломатскиот кор, протокол на локално и државно ниво, и за потребите на домашните и странските туристи. Потребни документи за учество во мерката се:

- Диплома заверена кај нотар
- Копија од државјанство
- Копија од извод од книга на родени
- Копија од лична карта

**Табела бр. 1** Преглед на потребни средства според вид на програми и мерки

| | Програми и мерки | Опфат на лица | Потребни средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Програма Самовработување | 1.050 | 214.045.647,00 |
| 2 | Финансиска поддршка на правни субјекти (микро и мали претпријатија, занаетчии) за отворање на нови работни места | 127 | 13.269.653,00 |
| 3 | Субвенционирање на вработување | 861 | 234.866.000,00 |
| 4 | Пилот програма за субвенционирање на плодоуживатели на државно земјоделско земјиште | 26 | 2.246.400,00 |
| 5 | **Програма за подготовка за вработување преку обуки** | **6.411** | **49.500.100,00** |
| | Програма за подготовка за вработување преку обуки финансирана од ИПА | 1.683[1] | 26.649.743,00 |
| 6 | Анкета за слободни работни места | 26 | 161.200,00 |
| 7 | Општинско- корисна работа | 100 | 3.600.000,00 |
| 8 | Пилот програма за вработување на припадниците на ромската етничка заедница | 20 | 5.088.240,00 |
| 9 | Пилот програма – Инкубатор на занаетчии | 10[2] | 696.000,00 |
| 10 | Промоција на програми и мерки од ОП 2014 | | 2,700,000.00 |
| 11 | Јавни соопштенија и огласи | | 500.000,00 |
| | Вкупно | 10.314 | 553.322.983,00 |

**Табела бр. 2** Преглед на извори на средства за реализација на програмите

| | **Извори на финансирање** | **Износ во денари за 2014** |
|---|---|---|
| 1 | Буџет на МТСП | 225.000.000,00 |
| 2 | Буџет на АВРМ – Главна сметка за обука | 9.000.000,00 |
| 3 | Буџет на АВРМ - Потсметка за активни програми и мерки за вработување | 94.500.000,00 |
| 4 | АВРМ- Јавни огласи и соопштенија | 500.000,00 |
| 5 | Буџет на АВРМ – Потсметка за Посебен фонд | 189.000.000,00 |
| 6 | Буџет на УНДП (преку Швајцарската Агенција за развој и соработка) | 5.088.240,00 |
| 7 | Буџет на УНДП | 2.700.000,00 |

[1] 1.683 невработени лица ќе бидат опфатени во 2014 од вкупно 7.730 лица планирани во проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)", кој ќе трае 2 години.

[2] Занаетчиите вклучени во инкубаторот ќе бидат поддржани преку Програмата Самовработување да се стекнат со претприемачки вештини, да изработат бизнис план, да регистрираат правен субјект и да набават опрема и/или материјали како почетна инвестиција за започнување со занаетчиската дејност.

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Проект „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II) | 26.649.743,00 |
| 9. | **Буџет на Комората на Република Македонија за приватно обезбедување** | **420.000,00** |
| 10. | **Буџет на Факултетот за туризам во Скопје** | **465.000,00** |
| | **Вкупно** | 553.322.983,00 |

## *АНЕКС 2 – Буџет и извор на средства*

### 5. ПРОГРАМА ЗА ПОДГОТОВКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

5.1 Обука кај познат работодавач
5.2 Обука кај познат работодавач со субвенционирање за вработување
5.3 Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот
5.4 Обука за напредни ИТ вештини
5.5 Практична работа (практикантство)
5.6 Едукација за започнување на бизнис
5.7. Мотивациони обуки

| 5 | Програми за подготовка за вработување | Износ (во ден.) | Период/ месеци | Бр. на лица | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 5.1 | Обука кај познат работодавач | | | | |
| | Парична помош за невработеното лице | 5.700 | 3 | 400 | 6.840.000,00 |
| | Парична поддршка за работодавач (менторство и потрошен материјал) | | 3 | 400 | 4.080.000,00 |
| | Исплата на корисници од 2013 год. | | | 125 | 1.400.000,00 |
| | Вкупно за 5.1 | | 3 | 525 | 12.320.000,00 |
| 5.2 | Обука кај познат работодавач со субвенционирање за вработување | | | | |
| | Парична помош за невработеното лице | 5.700 | 3 | 170 | 2.907.000,00 |
| | Субвенционирање за вработување | 13.000 | 3 | 170 | 6.630.000,00 |
| | Вкупно за 5.2 | | 6 | 170 | 9.537.000,00 |
| 5.3.А | Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот | | | | |
| | Вкупно по лице за спроведувачите на обука | 30.000[3] | | 232 | 6.960.000,00 |
| | Надоместок за храна и превоз (со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при | 6.200 | 4 | 232 | 6.200.000,00 |

[6] Од износот ќе се исплаќа по 1.000,00 денари за работодавачите (со вклучен персонален данок за покривање на материјалните трошоци за лицата кои ќе бидат упатени на практична работа).

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | работа и професионално заболување) | | | | |
| | Вкупно 5.3.А | | | 232 | 12.713.600,00 |
| 5.3.Б | Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот од сообраќајната струка | | | | |
| | Вкупно по лице за спроведувачите на обука | 25.950 | | 30 | 778.500,00 |
| | Надоместок за храна и превоз (со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување) | 6.200 | 1 | 30 | 186.000,00 |
| | Вкупно 5.3.Б | | | 30 | 964.500,00 |
| **5.3В** | **Обука од областа на обезбедувањето** | | | | |
| | **Вкупно 5.3.В** | | | **20** | **420.000,00** |
| **5.3Г** | **Обука од областа на туризмот** | | | | |
| | **Вкупно 5.3.Г** | | | **15** | **465.000,00** |
| | **Вкупно 5.3** | | | **297** | **14.563.100,00** |
| 5.4 | Обука за напредни ИТ вештини | | | | |
| | Вкупно по лице за спроведувачите на обука | 79.300 | | 100 | 7.930.000,00 |
| | Вкупно 5.4 | | | 100 | 7.930.000,00 |
| 5.5 | Практична работа (практикантство) | | | | |
| | Финансиска поддршка за лицата до 29 години | 6.200 | 3 | 250 | 4.650.000,00 |
| | Исплата на корисници од 2013 год. | | | 69 | 500.000,00 |
| | Вкупно 5.5 | | 3 | 319 | 5.150.000,00 |
| 5.6 | Едукација за започнување на бизнис | | | 2.000 | |
| | Вкупно 5.6 | | | 2.000 | 0,00 |
| 5.7 | Мотивациони обуки | | | 3.000 | |
| | Вкупно 5.7 | | | 3.000 | 0,00 |
| 5 | **Вкупно за 5.1+5.2+5.3.А+5.3.Б+5.3В+5.3Г+5.4+5.5+5.6+5.7** | | | **6,411** | **60,135,900.00** |

| | | |
|---|---|---|
| | Буџет на АВРМ – Главна сметка за обука | 9.000.000,00 |
| | Буџетот на АВРМ – Потсметка за активни политики за вработување | 39,615,100.00 |
| | **Буџет на Комората на Република Македонија за приватно обезбедување** | **420,000.00** |
| | **Буџет на Факултетот за туризам во Скопје** | **465,000.00** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно обезбедени:** | 49,500,100.00 |